**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО**
**ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД**

# ИЗВЕШТАЈ
# за напредокот на активности за Комуникација и публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 во 2019 година

***(Согласно член 30, став 3 од Секторскиот договор)***

**Шести состанок на Комитетот за следење на ИПАРД Програмата 2014-2020**

**декември 2019**

# СОДРЖИНА

I.ВОВЕД ... 3

II.РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ... 3
1. ИПАРД инфо денови ... 3
2. ИПАРД форум ... 5
3. ИПАРД работилници ... 6
4. Доставување на директни информации ... 6
5. Појавувања во национални и локални медиуми ... 7
6. Објава на листа на крајни корисници на средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020 ... 7
7. Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014-2020, брошури и постери ... 8
8. Изработка и објава на аудио и видео спотови ... 8
9. Ажурирање на веб страницата на www.ipard.gov.mk ... 9

Прилог 1 Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2019 година ... 10
Прилог 2 Посетеност на ИПАРД веб страницата ... 11
Прилог 3 Медиумите за ИПАРД – Press Kliping ... 12
Прилог 4 Листи на крајни корисници ... 18
Прилог 5 Публикации и брошури за Мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси ... 19
Прилог 6 Видео спот за Мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси ... 24

# I. ВОВЕД

Реализирани активности со Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 се предвидени во Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД Програмата 2014-2020 за 2019 година, и се спроведуваат во согласност со Годишниот план (Прилог 1), и тоа планираните активности поодделно се однесуваат на:

- Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери;
- ИПАРД форум за поуспешно спроведувањето на ИПАРД 2014 – 2020
- ИПАРД работилници за изготвување на ИПАРД барања
- Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми;
- Објавување на листата на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата;
- Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014 – 2020,
- Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020
- Изработка на постери посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020
- Изработка и објава на аудио и видео спотови
- Ажурирање на веб страница www.ipard.gov.mk

Институции кои имаат одговорност за спроведување на горенаведените активности и тоа соодветно со надлежностите и функциите кои ги извршуваат се: Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР).

# II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

## 1. Организирање на ИПАРД инфо денови

Во периодот од април до декември 2019 година продолжи да се спроведува Кампањата за публицитет која започна со потпишување на договор за спроведување на Кампања за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 на 21 ноември 2018 година со фирмата 3Д Проект Студио–Скопје Во овој период во рамките на Кампањата одржани се 26 инфо денови во дваесет и шест општини/рурални места каде потенцијалните корисници на ИПАРД Програмата 2014-2020 се информираа за спроведување и користење на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој - ИПАРД 2014-2020. Покани за присуство на инфо деновите беа доставени до стопанските комори и занаетчиски здруженија во РСМ, Руралната мрежа за развој, ЛАГ-овите, земјоделските задруги, локални единици за развој кои имаат листи на фирми/лица за сместувачки капацитети/рурален туризам во рамките на општините и други заинтересирани за инвестирање по ИПАРД Програмата 2014-2020.

Јавниот повик бр.01/2019 е објавен на 4-ти октомври 2019 година за мерка 7: Диверзификација на фарми и развој на бизниси. Крајниот рок за поднесување на барањата е 18-ти ноември 2019 година. Рокот за аплицирање е продолжен до 3-ти декември 2019 година. Вкупната финансиска поддршка во рамките на овој јавен повик изнесува: 16.569.471,00 евра или во денарска противвредност 1.018.926.365,00 денари. Јавниот повик може да се види на следниов линк: http://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/јавен-повик-бр-01-2019-за-доставување-на-бара/

Мерките кои се презентираат на инфо деновите се мерка 1 Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства и мерка 3 Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи и мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси, меѓутоа фокусот беше ставен на мерката7 за која е објавен Јавен повик 01/2019. Инфо деновите се организираат со цел потенцијалните корисници на ИПАРД 2014-2020 да се информираа за спроведување и користење на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој- ИПАРД 2014-2020. Истите беа организирани во следниве општини/ рурални места:

| *Бр.* | *Локација* | *датум* | *време* | *мерка* | *Број на учесници* |
|---|---|---|---|---|---|
| *1* | *Соопиште* | *8 октомври 2019 (вторник)* | *10.00* | *мерка 7* | *22* |
| *2* | *Петровец* | *9 октомври 2019 (среда)* | *10.00* | *мерка 1,3/7* | *19* |
| *3* | *Берово,* | *15 октомври 2019 (вторник)* | *11.00* | *мерка 3/ 7* | *31* |
| *4* | *Пехчево* | *15 октомври 2019 (вторник)* | *15.00* | *мерка 1,7* | *17* |
| *5* | *Дојран* | *16 октомври 2019 (среда)* | *11.00* | *мерка 7* | *5* |
| *6* | *Негорци* | *16 октомври 2019 (среда)* | *15.00* | *мерка 3/7* | *13* |
| *7* | *Белчишта* | *17 октомври 2019 (четврток)* | *11.00* | *мерка 3 / 7* | *18* |
| *8* | *Охрид* | *17 октомври 2019 (четврток)* | *15.00* | *мерка 1,37* | *48* |
| *9* | *Калишта* | *25 октомври 2019 (петок)* | *11.00* | *мерка 3 / 7* | *33* |
| *10* | *Вевчани* | *25 октомври 2019 (петок)* | *15.00* | *мерка 7* | *28* |
| *11* | *Македонски Брод* | *29 октомври 2019 (вторник)* | *11.00* | *мерка 3 / 7* | *12* |
| *12* | *Ресен* | *30 октомври 2019 (среда)* | *11.00* | *мерка 7* | *17* |
| *13* | *Маврово* | *31 октомври 2019 (четврток)* | *10.00* | *мерка 3/ 7* | *16* |
| *14* | *Дебар* | *31 октомври 2019 (четврток)* | *14.00* | *мерка 3/7* | *25* |
| *15* | *Виница* | *5 ноември 2019 (вторник)* | *11.00* | *мерка 3 / 7* | *26* |
| *16* | *Делчево* | *5 ноември 2019 (вторник)* | *15.00* | *мерка 3 / 7* | *42* |
| *17* | *Сарај* | *6 ноември 2019 (среда)* | *10.00* | *мерка 3 / 7* | *11* |
| *18* | *Брвеница* | *6 ноември 2019 (среда)* | *14.00* | *мерка 1,37* | *4* |
| *19* | *Крушево* | *7 ноември 2019 (четврток)* | *11.00* | *мерка 3/ 7* | *18* |
| *20* | *Кратово* | *8 ноември 2019 (петок)* | *11.00* | *мерка 7* | *35* |
| *21* | *Карбинци* | *18 ноември 2019 (понеделник)* | *11.00* | *мерка 3/ 7* | *18* |
| *22* | *Василево* | *18 ноември 2019 (понеделник)* | *15.00* | *мерка 3/ 7* | *6* |
| *23* | *Новаци* | *19 ноември 2019 (вторник)* | *11.00* | *мерка 3/ 7* | |
| *24* | *Долнени* | *19 ноември 2019 (вторник)* | *15.00* | *мерка 3/ 7* | |
| *25* | *Бутел* | *22 ноември 2019 (петок)* | *10.00* | *мерка 3/ 7* | |
| *26* | *Јегуновце* | *22 ноември 2019 (петок)* | *14.00* | *мерка 3/ 7* | |

*Забелешка: во некои рурлани места лицата кои беа присутни не сакаа да се регистрираат во Листите на инфо денот.*

Програма од инфо деновите е достапна на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2019/10/Програма-за-инфо-ден-за-ИПАРД-2014-2020.pdf
Најчесто поставувани прашања се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/mk/cpp/
Фотографии од настаните се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/mk/category/foto-galerija/

## 2. Организирање на ИПАРД форум

Со цел информирање/размена на искуства со вработените во Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделстовто за условите кои ги нуди мерката 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси како и за постигнување на посеопфатна анализа на спроведувањето на Програмата и прецизно лоцирање на проблемите во текот на постапката за поднесување на Барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020, на 21 и 22 октомври 2019 година се одржа форум во Велес на кој активно учество земаа Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделстовто, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Телото за управување со ИПАРД фондовите. (41 учесник).
Дневниот ред на форумот вклучуваше презентација на можностите од мерката 7 по измените кои истата ги претрпе, презентација на измените во постапката на одобрување на барања, искуствата во работењето на советодавните служби во претпристапниот период во Република Хрватска како земја членка на ЕУ, дискусија за потешкотиите и проблемите со кои се соочуваат барателите при комплетирање на барањата, предлози и идеи за подобрување на спроведувањето на Програмата и унапредување на соработката помеѓу засегнатите страни (Телото за управување со ИПАРД, АФПЗРР и АПРЗ), а се со цел поголемо искористување на средствата од Програмата.
Најчесто поставувани прашања по презентацијата беа:
Што значи соодветна регистрација на барателот на крајот на инвестицијата, особено за пчеларите?
Дали постои минимален број на сандаци како критериум за поднесување на барање за пчеларство?
Долги рокови за издавање на дозвола за користење на вода од Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП)
и други. Од форумот произлегоа следниве заклучоци:

- ажурирање на најчесто поставуваните прашања на веб страните на АФПЗРР и ТУ,
- номинирање на контакт лица заради подобра комуникација помеѓу ТУ, АФПЗРР и АПРЗ,
- организирање работилница за подобрување на соработката со техничките тела на Министерства и институции кои учествуваат во издавање документација на апликантите по ИПАРД,
- обезбедување на промотивни материјали на АПРЗ и можност за надминување на овој недостаток преку идните Кампањи за промоција и публицитет на ИПАРД,
- воспоставување редовна пракса пред објавување на секој повик (особено за мерка 1) да се направи работилница со советодавните служби на АПРЗ заради

подобра информираност за потребната документација која треба да се прибере и критериумите кои треба да се исполнат.

Програмата од форумот и Информација заедно со заклучоците од форумот се објавени на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/mk/category/forumi/
http://ipard.gov.mk/wp-content/uploads/2019/10/Programa-_Forum-21-oktomvri-2019.pdf
Фотографии од настаните се достапни на веб страницата на ИПАРД односно на следниов линкови:
http://ipard.gov.mk/mk/category/foto-galerija/

## 3. ИПАРД работилници

Во рамките на Кампањата за публицитетот на ИПАРД Програмата 2014-2020 се одржа една работилници во Скопје на 20 ноември 2019 година. На работилницата беа поканети и присутни учесници од Телото за управување со ИПАРД фондовите, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и претставници на Управувачката структура при Министерство за финансии. На работилниците се одржаа презентации за две мерки, и тоа; мерка 1 "Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства" и мерка 7 "Диверзификација на фарми и развој на бизниси". Во фокусот на дискусијата беше документацијата која треба да ја достават апликантите за реализирање на инвестициите и од кои институции (технички тела) треба да бидат издадени согласно критериуми/обврски по однос на прифатливи инвестиции и баратели по мерка 1 и мерка 7. На работилницата беа презентирани и меморандуми за соработка со соодветни технички тела, одговорни лица, дефинирани обрасци, временска рамка на доставување на бараните документи итн.
Презентациите беа направени и презентирани од Телото за управување со ИПАРД при Министерството за земјоделство, шумартсво и водостопанство. Во дискусиите активно учествуваа сите учесници.
Програмата од работилницата е објавена на следниов линк:
http://ipard.gov.mk/mk/category/soopstenija/rabotilnici/

## 4. Доставување на дирекни информации

Доставувањето на информации, преку телефон и електронска пошта, на потенцијалните корисници се врши во континуитет односно во повикувачкиот центар на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој во последните шест месеци забележани се преку 275 повици и реализирани се преку 100 посети на потенцијални корисници во просториите на Агенцијата и Телото за управување со ИПАРД. Податоците за промотивни активности на Агенцијата се вклучени во месечните извештаи за Телото за управување со ИПАРД. Прашања кои беа поставени преку веб страницата на Агенцијата се во врска објавувањето на Јавниот повик за мерка 7, Кога ќе биде објавен Јавен повик? Дали земјоделските задруги може да аплицираат по мерка 7, приоритетен сектор-Обезбедување услуги во земјоделството?; Дали ИПАРД Програмата важи за фарми кои би се граделе на земјиште од Агенцијата за пасишта а е добиено под закуп?; Дали може да аплицирам по ИПАРД Програмата за столарска работилница за производна линија за кујни односно за објект?; Дали по мерка 7 може да се аплицира за отварање на автокамп и кои се прописите за отварање на автокамп? и други прашања поврзани со ИПАРД Програмата.
Прашањата и одговорите кои ги поставуваат заинтересираните странки, по електронска пошта и на настаните кои ги организира ТУ со ИПАРД фондовите, се објавуваат на веб страниците на ТУ со ИПАРД фондовите и АФПЗРР. Повеќе

информации може да се видат во делот на Најчесто поставувани прашања и одговори во врска ИПАРД 2014-2020 на линкот:
http://ipard.gov.mk/mk/cpp/

## 5. Појавувања во национални и локални медиуми

Појавувањата, соопштенијата и информации за ИПАРД 2 Програмата континуирано се објавуваат во медиумите. Со објавување на Јавниот повик 01/2019 година за мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси, и организирањето на настаните за промоција на ИПАРД Програмата, имаше зголемен број на појавувања, соопштенија за медиумите и интервјуа на национални и локални радио и телевизиски канали како дневни весници и интернет портали (преку 420 појавувања) Дел од соопштенијата и интервјуата може да се видат на следниве линкови:
http://www.mzsv.gov.mk/Events.aspx?IdRoot=1&IdLanguage=1&News=575
https://denar.mk/205477/ekonomija/preku-ipard-dva-programata-novi-deset-milioni-evra-za-zemjodelcite
https://press24.mk/babovski-do-krajot-na-godinata-se-ochekuva-da-se-isplatat-83-milioni-evra-od-ipard-programata
https://vecer.mk/node/24840
https://standard.mk/iskoristenosta-na-evropskite-sredstva-za-ruralen-razvoj-dostignuva-30-otsto/
https://zelenaberza.com.mk
https://zelenaberza.com.mk/pocnuva-poslednata-nedela-od-serijata-info-denovi-za-ipard-2/
https://faktor.mk/poradi-prodolzuvanje-na-rokot-za-apliciranje-po-ipard-2014-2020-prodolzuvaat-i-info-denovite
https://opserver.mk/makedonija/opstini/dimkovski-vo-poseta-na-mesnata-industrija-biljanovi/
https://www.slobodenpecat.mk/prodolzhuvaat-i-info-denovite-za-ipard-programata/
https://emagazin.mk/poradi-prodolzhuva-e-na-rokot-za-aplicira-e-po-ipard-2014-2020-do-3-dekemvri-2019-prodolzhuvaat-i-info-denovite/
https://sitel.com.mk/odrzhani-20-info-denovi-za-merkite-od-ipard-2014-2020
http://www.mzsv.gov.mk/Events.aspx?IdRoot=1&IdLanguage=1&News=765
www.ipard.gov.mk,
https://www.ohridnews.com/so-investiciite-preku-ipard-2-do-pogolema-konkurentnost-i-izvoz-na-zem-odelskite-proizvodi/
http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp www.mzsv.gov.mk, и други медиуми.
Во прилог 3 прикажан е дел од материјалот кој се однесува на Медиумите за ИПАРД– Press Kliping. Поради големината на прес клипингот даден е дел од материјалот.

## 6. Објава на листа на крајни корисници на средствата од ИПАРД Програмата

Предвидената активност согласно акционот план за комуникација и публицитет за 2019 година за објава на листа на крајни корисници на средства од ИПАРД Програмата 2014-2020 е спроведена од страна на АФПЗРР како одговорно тело за реализација на оваа активност. Листата на крајните корисници е квартална и е објавена на веб страницата на Агенцијата (Прилог 4) на следниов линк http://www.ipardpa.gov.mk/Root/mak/default_mak.asp

Последна објавена листа е: **Реализирани исплати на средства од ИПАРД II Програмата за период 01.07.2019 до 30.09.2019** [ мк]

## 7. Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства, Упатства, брошури и постери посветени на ИПАРД Програма 2014 – 2020

Со Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата изработени се и испечатени материјали за сите три мерки. Печатените материјали кои се однесуваат за мерка 1 и 3 се користеа во предходните Јавни повици. За следните јавни повици ќе се прилагодат на измените со последната модификација на ИПАРД Програмата и ќе се пуштата за печатење за планираните Јавни повици во декември 2019 година за мерка 3 и февруари 2020 година за мерка 1.
Материјалите за мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси се изработија, испечатија на македонски и албански јазик (Прилог 5) и се дистрибуираа во тек на втората сесија на настани за промоција на Програмата (инфо денови, работилница и форум)
За мерка 7 се испечатени следниве материјали, и тоа:

- Барања за користење на средства 1000 примероци
- Упатства по мерки 4150 примероци
- Брошури 1000 примероци (850 на македонски и 150 на албански јазик)

Материјалите за Публицитетот на ИПАРД Програмата во однос на мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси се дистрибуирани на 26 инфо деновите, една работилниците и форум, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Агенцијата за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој и други заинтересирани странки. Истите се во прилог на Јавниот повик 01/2019 на следниов линк: http://ipard.gov.mk/mk/soopstenija/јавен-повик-бр-01-2019-за-доставување-на-бара/
Во врска Кампањата за публицитет во тек се подготовки за печатење на материјали за мерка 3–Инвестиции во материјални средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи. Брошурата е дизајнирана, подготвен е текстот, избрани се слики и треба да се пристапи кон печатење на истата. Барањето за користење на средствата и Упатстгвото за корисници треба да се подготват за превод и печатење.

## 8. Изработка и објава на аудио и видео спотови

Во периодот помеѓу двата Комитета за следење на ИПАРД во 2019 година се реализираше изработка на видео спот за мерката 7- Диверзификација на фарми и развој на бизниси. Видео спотот се реализраше во соработка со два успешни проекти од ИПАРД Програмата 2007-2013 и тоа: фабрика за производство на козметички препарати Галениус ДОО Визбегово и Кораб Трница - сместувачки капацитет во Трница.
Спотот е со времетраење од 45 секунди и е прв од трите планирани спота во Кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020. Прикажувањето на видео спотот се реализира преку Македонската телевизија и почна да се прикажува на 16 октомври 2019 година на МТВ1 во следниве термини: Утринска програма, пред Дневник 1, после Дневник 1 и пред Дневник 3. Емитувањето е сеуште во тек, меѓутоа медиа планот варира согласно програмската шема.
Албанската верзија на спотот започна со емитување на 18 октомври 2019 година на Македонската телевизија –втора програма (МТВ2) пред Дневник 2 и во утринската програма. Емитувањето е се уште во тек.
Спотот за мерка 7 е поставен на веб страницата на Телото за управување со ИПАРД (Прилог 6) на македонски јазик и воедно со англиски превод на англиската верзија на веб страницата http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/

## 9. Ажурирање на веб страницата www.ipard.gov.mk

Надградба и одржување на интернет страницата www.ipard.gov.mk се реализираше во согласно со условите на Договорот со компанија за надградба, хостирање и одржување на веб-странота Бивас Медиа Груп- Скопје, и тоа до август 2019 година. Во досегашниот период на реализација, изработен е нов дизајн на веб страницата, (прилог 7). Во периодот од завршување на договорот досега се увиде дека не е потребно само ажурирање на содржината туку и континуирано подобрување и одржување на веб страницата. Потребно е преку мерката Техничка помош да се спроведе набавка за подобрување и континуирано одржувањето на страницата (мала набавка до 2500 евра).

Од мај до ноември 2019 година статистиката за посетеност е дадена во Прилог 2, и тоа:

- Корисници на веб страницата 11.022,
- Нови корисници 10.560,
- Вкупно прегледи на страницата 59.680.

Веб страницата бележи и податок за корисници по земји изразено во проценти, и тоа: од вкупните посети на веб страницата 88,35 % се регистрирани од Северна Македонија, Соединетите Американски Држави учествуваат со 2,39%, Бугарија со 1,72%, посети се регистрирани и од Германија, Србија, Грција, Албанија и други.. Во истиот период нови посетители на страницата се 79,4% додека повторни посетители 20,6%. Веб страницата редовно се ажурира со информации, соопштенија и новости кои се однесуваат на активности за спроведување на ИПАРД Програмата 2014-2020 и може да се видат на веб страницата односно на линкот:
http://ipard.gov.mk/mk/pocetna/

## *Прилог 1 - Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД 2014-2020 за 2019 година*

**Годишен акциски план за публицитет и комуникација на ИПАРД 2014-2020 за 2019 година**

| Активност | Одговорност | Цели за реализација | Распоред за 2019 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| Организација на ИПАРД инфо едукативни денови со промовирање на успешни примери и можности за гарантен фонд | ТУ ИПАРД | 60 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД форум за поуспешно спроведувањето на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД | 2 | | | | | | | | | | | | |
| ИПАРД работилници за изготвување на ИПАРД барања | ТУ ИПАРД и АПРЗ | 5 | | | | | | | | | | | | |
| Појавувања/ прилози во пишани и електоронски медиуми | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 200 | | | | | | | | | | | | |
| Годишно објавување на листата на крајни корисници | АФПЗРР | 1 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на Барања за користење на средства и Упатства посветени на ИПАРД 2014 – 2020 | MA and IPARD Agency | 8000 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и дистрибуција на брошури посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ ИПАРД и АФПЗРР | 8000 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка на постери посветени на промоција на ИПАРД 2014 – 2020 | ТУ со ИПАРД | 450 | | | | | | | | | | | | |
| Изработка и објава на аудио и видео спотови | ТУ со ИПАРД | 4 | | | | | | | | | | | | |
| Ажурирање на веб страница ipard.gov.mk | ТУ со ИПАРД | 1 | | | | | | | | | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | подготвителни активности за материјали за публицитет / активности | | | дистрибуција / реализација |

## Прилог 2 Посетеност на ИПАРД веб-страницата




| | Country | Users | % Users |
|---|---|---|---|
| 1. | North Macedonia | 9,830 | 88.35% |
| 2. | United States | 266 | 2.39% |
| 3. | Bulgaria | 191 | 1.72% |
| 4. | Germany | 68 | 0.61% |
| 5. | Serbia | 68 | 0.61% |
| 6. | Greece | 64 | 0.58% |
| 7. | Albania | 47 | 0.42% |
| 8. | China | 47 | 0.42% |
| 9. | Italy | 47 | 0.42% |
| 10. | Netherlands | 47 | 0.42% |

***Прилог 3 Медиумите за ИПАРД- Press Kliping***



ФАКТОР
коментарите се слободни, фактите се свети

ЕКОНОМИЈА ФИНАНСИИ МАКЕДОНИЈА АГРОБИЗНИС АНАЛИЗА МОИ ПАРИ БАЛКАН СВЕТ СТИЛ

## Мерките од ИПАРД 2 програмата ќе бидат претставени во Сопиште и Петровец



Објавено во: Агробизнис 07 Октомври, 2019

Like 0 Share 0 Tweet Share

Претставниците на Телото за управување со ИПАРД фондовите од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанствои Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во склоп на едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014 – 2020 организираат инфо денови во општина Сопиште и општина Петровец.



НАСЛОВНА МАКЕДОНИЈА БИЗНИС СВЕТ РЕГИОН

Политика Скопје Црна Хроника

ИЗДВОЕНО

16.11.2019 - 14:51
Заев: Продолжуваме по правиот пат, градиме општество за сите

16.11.2019 - 14:43
Независниот синдикат на полицијата на протест: Бараатподобри услови и поголеми плати

# Мерките од ИПАРД 2 програмата ќе бидат претставени во Сопиште и Петровец

Facebook Twitter Viber Messenger

Претставниците на телото за управување со ИПАРД фондовите од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, во рамки на

СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.МК

НАСЛОВНА | ВЕСТИ | ХРОНИКА | МАГАЗИН | КОЛУМНИ | ЕСПРЕСО | СПОРТ | СЛОБОДНА Т




Фото: МИА

Вести | Економија

# Инфо-денови за ИПАРД програмата

Денеска инфо денови ќе се одржат во Берово и Пехчево, утре во Дојран и Негорци и задутре во Белчишта и Охрид.

МИА Агенција · 15/10/2019 - 07:59 0

КАНАЛ 5 ТВ ВЕСТИ СПОРТ МАГАЗИН ПРОГРАМА ЕМИСИИ СЕРИИ ФИЛМОВИ ВЕБ ТВ

20:15 - ЅВЕЗДИТЕ НА ГРАНД (ПРЕМИЕРА) 22:00 - ДЕНОТ ВО 5 МИНУТИ 22:05 - ЅВЕЗДИТЕ НА ГРАНД (ПРОДОЛЖУВА) 23:55

МАКЕДОНИЈА

# Инфо-денови за ИПАРД

Во рамки на едукативната кампања за ИПАРД Програмата 2014 – 2020 неделава ќе се одржат инфо-денови во шест градови, каде заинтересирани ќе можат да се информираат за за постапките и условите за аплицирање за средства од оваа програма.



TOCKA.COM.MK
News and Entertainment

ВЕСТИ | СПОРТ | ЖИВОТ | ШОУ БИЗНИС | ПЛАНЕТА | АВТОМОБИЛИ | ЗАБАВА | ФОТО | ВИДЕО

Паладиумот стана поврeден од златото

Турците со порака до Американците: Не го купивме „С-400" за да не го користиме...

На 16-от роденде... изрешетал друга... Пукањето траело... неколку секунди, и самиот си прес...



# Во Велес се одржува Форум за мерка 7 „Диверзификација на фарми и развој на бизниси" од ИПАРД Програмата

Точка | 22/10/2019 | 10:30 | 202 Големина на фонт A A A

Во Велес се одржува вториот ден од дводневниот форум на кој претставниците од Телото за управување со ИПАРД фондовите, Министерството за земјоделство,



sitel

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | БАЛКАН | СВЕТ | БИЗНИС

Бизнис 29. October 2019 - 8:45

# Инфо денови за ИПАРД Програмата 2014-2020

Ми се допаѓа 1 | Сподели | Tweet

ИПАРД IPARD EU4Rural Areas

Инфо денови за ИПАРД Програмата 2014-2020 ќе се одржат од денеска до 31 октомври, четврток, а имаат за цел да ги претставаат сите можности за искористување на средствата од ИПАРД Програмата 2014-2020.

Инфо деновите ќе се одржат на четири локации и тоа, денеска во 11 часот во Сала на Општина Македонски Брод, утре во 11 часот во Сала на Општина Ресен, задутре во 10 часот во ресторан „Кристијан", Маврово и во 14 часот во Сала на Општина Дебар.

***Прилог 4 Листи на крајни корисници***



## *Прилог 5 Публикации и брошури за Мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси*






ДИВЕРЗИФИКИЦИЈА НА ФАРМИ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСИ (МЕРКА 7)

I. Корисници

- **Физички лица;**
- **Правни лица** (микро и мали претпријатија);
- **Задруги.**

II. Приоритетни сектори

- **Алтернативно** земјоделско производство - (одгледување на печурки и тартуфи, хортикултура, производство на семенски и саден материјал, одгледување на зајаци, полжави, птици за јајца и месо - патки, гуски, мисирки тетреби, ноеви, емуа и бисерки, дивеч, пчели, одгледување на зачински и ароматични растенија, насади на дрвја за дрвена граѓа и био-маса (брзо растечки), аквакултурни фарми за слатководна риба;
- Производство на **прехранбени производи и пијалоци –** (со исклучок на инвестиции кои се прифатливи по другите мерки од ИПАРД Програмата);
- Производство на **не-прехрамбени производи** - (сите дејности согласно листата на дејности која е Прилог 14 на ИПАРД Програмата);
- Развој на **занаетчиски активности –** (во согласност со Правилникот за начинот на определување на активности кои можат да се вршат со занаетчиство);
- Обезбедување на **услуги во земјоделството –** (ветеринарна дејност, работилници за одржување и поправка на земјоделска механизација и опрема, услуги за изнајмување на земјоделска механизација и машини);
- Развој на **услуги за руралното население –** (услуги за поправка и одржување, за престој и нега (домови за стари лица, за рехабилитација, итн), за дневно згрижување на деца, образовни, информатички, спортско-рекреативни центри и сл.);
- Промоција на **руралниот туризам –** (сместување во соби, апартмани, кампови, бунгалови, готвење и служење на храна, соби за дегустација/продажба, рурални музеи, простории за семинари/обуки, едукативни фарми, рекреативни активности за туристите);
- Производство и **продажба на енергија од обновливи извори:** (соларна и ветерна енергија, преработка на растителни и животински производи од примарна и секундарна биомаса, освен биомаса од рибни производи, производство на био-гориво, преработка на шумска биомаса).



III. Стандарди

**На крај на инвестицијата** потребно е да се достигнат минималните национални стандарди за:

- Јавно здравје;
- Благостојба на животните;
- Безбедност на храна;
- Заштита при работа;
- Заштита на животна средина.

**Во зависност од специфичната економска дејност на барателот потребно е на крајот на инвестицијата да бидат исполнети сите барања согласно националното законодавство.**

IV. Сопственост на земјиште/објекти

За земјиштето и/или објектите кои се предмет на инвестицијата барателот треба да докаже:

- **Сопственост** или
- **Договор за закуп** (најмалку **7 години** од денот на поднесување на барањето);

**V. Специфични критериуми**

Инвестициите во градба/реконструкција за туристички цели во рурални средини мора да го следат **традиционалниот стил на градба.**
Доколку барателот е **физичко лице,** инвестициите во градба/реконструкција за туристички цели за сместување и/или ресторански услуги се ограничени на:

- **10** соби (**20** гости);
- **10** сместувачки единици за сместување на отворено (**30** гости);
- **50** гости за ресторански услуги.

Доколку барателот е правно лице, инвестициите во градба/реконструкција за туристички цели за сместување и/или ресторански услуги се ограничени на:

- **20** соби (**50** гости);
- **30** сместувачки единици за сместување на отворено (**90** гости);
- **150** гости за ресторански услуги.

**VII. Прифатливи инвестиции**

- Градба/реконструкција на објекти и друг недвижен имот кој се користи за прифатливите економски активности;
- Набавка и/или инсталирање на нови машини и опрема поврзани со прифатлива економска активност;
- Набавка на наменски транспортни резервари и приколки;
- Набавка на повеќегодишни дрвја и растенија (со исклучок на семе, саден материјал и мицелиум);
- Набавка на нови машини и опрема за заштита на животната средина вклучувајќи опрема за производство на електрична енергија и/или греење со употреба на обновливи извори на енергија;
- Инфраструктурно уредување.

**Идни инвестиции**

Барателите може да поднесат повеќе проекти во рамките на оваа мерка во текот на спроведувањето на Програмата, под услов максималните вкупни прифатливи трошоци **(до 1.500.000 €)** да не бидат надминати и претходните проекти да бидат реализирани (исплатени на корисникот).



**VI. Економска одржливост**

Економската оддржливост на инвестицијата барателот ја докажува преку:

- **Технички предлог проект** (за инвестиции до **50.000 €**);
- **Деловен план** (за инвестиции над **50.000 €**).



**VIII. Висина на поддршка**

Висината на финансиската поддршка изнесува 65% од вкупните прифатливи трошоци на инвестицијата.

- Минимална вредност на вкупните прифатливи трошоци за инвестициски проект – **1.500 €.**
- Максимална вредност на вкупните прифатливи трошоци за инвестициски проект – **1.000.000 € .**



Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Тело за управување со ИПАРД

**Потребните формулари за аплицирање може да се подигнат во:**

**Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство**
Тел.: 02/3134-477 локал 113,114,115, Сектор ИПАРД
Адреса: Аминта III бр.2, Скопје,
**www.ipard.gov.mk**

**Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој**
Тел.: 02/3097-460
Адреса: III Македонска бригада бб., Скопје
**www.ipardpa.gov.mk**

**Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството**
Тел.: 047/228-330 и 047/228-370
Адреса: Климент Охридски бб, Пелагонка II-5/3, Битола
**www.agencija.gov.mk**

**www.ipard.gov.mk, www.ipardpa.gov.mk**

Овој проект е финансиран од Европска Унија

**Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД) 2014-2020**
**Овој проект го имплементира Тело за управување со ИПАРД**
**ул. Аминта III бр. 2, Скопје**
**Финансирано од мерката Техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020**


БАРАЊЕ
за користење на средства од МЕРКА 7
ИПАРД Програма 2014-2020
МЕРКА 7
Диверзификација на фарми и
развој на бизниси
www.ipard.gov.mk, www.ipardpa.gov.mk
IPARD
EU4Rural Areas
Овој проект е ко-финансиран
од Европска Унија
Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД) 2014-2020
Овој проект го имплементира Тело за управување со ИПАРД
ул. Аминта III бр. 2, Скопје
Финансирано од мерката Техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020


УПАТСТВО
за корисници на средства од МЕРКА 7
ИПАРД Програма 2014-2020
Мерка 7
Диверзификација
на фарми и
развој на
бизниси


УПАТСТВО
за изработка на ДЕЛОВЕН ПЛАН
ИПАРД Програма 2014-2020
Европски можности за македонското земјоделство и руралниот развој
www.ipard.gov.mk, www.ipardpa.gov.mk
Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД) 2014-2020
Овој проект го имплементира Тело за управување со ИПАРД
ул. Аминта III бр. 2, Скопје
Финансирано од мерката Техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020
Овој проект е финансиран од Европска Унија


УПАТСТВО
за прибирање на ПОНУДИ
ИПАРД Програма 2014-2020
број на понуди?
висина на трошоци?
техничка спецификација?
земја на потекло?
сопственичка структура?
Европски можности за македонското земјоделство и руралниот развој
www.ipard.gov.mk, www.ipardpa.gov.mk
Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД) 2014-2020
Овој проект го имплементира Тело за управување со ИПАРД
ул. Аминта III бр. 2, Скопје
Финансирано од мерката Техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020
Овој проект е финансиран од Европска Унија


УПАТСТВО
за изработка на ТЕХНИЧКИ ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ
ИПАРД Програма 2014-2020
Европски можности за македонското
земјоделство и руралниот развој
www.ipard.gov.mk, www.ipardpa.gov.mk
Инструмент за претпристапна помош за рурален развој (ИПАРД) 2014-2020
Овој проект го имплементира Тело за управување со ИПАРД
ул. Аминта III бр. 2, Скопје
Финансирано од мерката Техничка помош од ИПАРД Програмата 2014-2020
Овој проект е финансиран од Европска Унија


Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Trupi për menaxhim me IPARD
Programi IPARD 2014-2020
Masa 7
DIVERSIFIKIMI I FERMAVE DHE ZHVILLIMI I BIZNESEVE
MUNDËSI EVROPIANE PËR BUJQËSINË MAQEDONASE DHE ZHVILLIMIN RURAL
www.ipard.gov.mk, www.ipardpa.gov.mk
Instrumenti për Ndihmë Paraaderuese për Zhvillimin Rural (IPARD) 2014-2020
Këtë projekt e implementon Trupi për menaxhim me IPARD
rr. Aminta III nr. 2, Shkup
Financuar nga masa - Ndihmë teknike nga Programi IPARD 2014-2020
Ky proekt është financuar nga Bashkimi Europian

***Прилог 6 Видео спот за Мерка 7 Диверзификација на фарми и развој на бизниси***




